**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
15.05.2019
03 1391/1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
бр. 1409-205/3
13.05.2019 год.

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 25 седница одржана на 02.05.2019 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма „Менаџмент и претприемништво" прв циклус студии на Факултет за економија и организација на претприемништво при Меѓународен Славјански Универзитет, Г.Р. Державин, Свети Николе - Битола**

1. Се акредитира студиската програма **„Менаџмент и претприемништво" прв циклус студии на Факултет за економија и организација на претприемништво при Меѓународен Славјански Универзитет, Г.Р. Державин, Свети Николе - Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање:
**- Дипломиран економист насока: менаџмент и претприемништво**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
, Научно – истражувачко поле: Организациони науки и управување (менаџмент)
Научно – истражувачко област: 50600 - 50624.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

# Образложение

Врз основа на донесената одлука на Одлука на наставно научен совет на Факултет за економија и организација на претприемништво, за усвојување на прв циклус студиските програми „Менаџмент и претприемништво", на 31.01.2019 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 22 седница, одржана на 21.02.2019 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 25 седница одржана на 02.05.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски